Co-funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

НСРР

*ПОВИК ЗА УЧЕСТВО ВО РАБОТИЛНИЦА*

*„Зајакнување на жените како катализатори на промени: Развој на комуникациски вештини во конфликтни ситуации “*

## 1. За Сојуз – Национален совет за родова рамноправност

Националниот совет за родова рамноправност (НСРР) е национална мрежа на 116 локални женски организации посветена на родова рамноправност, заштита на женските и човековите права, развој и градење мир. НСРР има мисија да ги промовира правата на жените, да работи на елиминација на сите форми на дискриминација на жените и на изградба на општество со еднакви можности за сите. За спроведувањето на својата програма за 2023 НСРР обезбеди оперативен грант од фондови на Европската Унија. Во согласност со Стратегијата на НСРР, целта на годишната програма е да придонесе кон родова рамноправност и почитување на човековите права во Република Северна Македонија.

## 2. За обуката

Со задоволство Ве покануваме на еднодневна работилница на тема- „Зајакнување на жените како катализатори на промени: Развој на комуникациски вештини во конфликтни ситуации“. Оваа работилница е наменета за млади жени кои сакаат да направат позитивно влијание и да промовираат промени во нивните заедници. Работилницата има за цел да ги зајакне и опреми жените со знаења и комуникациски вештини кои ќе им користат во нивните напори да создадат позитивни промени и да го промовираат градењето на мирот.

**За време на обуката, учесничките ќе имаат можност да:**

- Се запознаат со Резолуцијата 1325 (2000) на Советот за безбедност на ОН и нејзината важност
- за жените, мирот и безбедноста.
- Се запознаат со клучните алатки за ефективна комуникација во градењето на мирот
- Ги развијат своите комуникациски вештини
- Се запознаат со родовите димензии на конфликтот и влијанието врз жените и девојчињата
- Ги анализираат стратегиите за надминување на бариерите и стереотипите со кои се соочуваат младите жени во средини погодени од конфликт

Ги охрабруваме сите жени кои сакаат да научат техники за решавање на конфликти, преку методи на ефективна комуникација, да ја искористат оваа можност и да ги зајакнат своите вештини и капацитети.

Имајте предвид дека учеството на оваа обука е **бесплатно.** Сепак, поради ограничените места, ги замолуваме заинтересираните учеснички да се пријават однапред за да го обезбедат своето место. Ручекот и освежувањето се обезбедени од наша страна.

### 3. Начин на пријавување

Заинтересираните кандидатки можат да се пријават со пополнување на Google формата, на следниот линк: https://docs.google.com/forms/d/1rgQvC3gWe0pqrzYbYorxM-j8BmX8m0Xk3Vrz-gkb-2E/edit?ts=64afdf70 **најдоцна до 25.07.2023 година.**

Обуката ќе биде водена од страна на искусен експерт/ка во доменот на женското лидерство и комуникацијата.

**Датум на одржување на обуката 25.07 (среда), во Скопје.**

За дополнителни информации, слободно контактирајте не.

***Ве очекуваме!***